Број: 11 - 4802/3
Датум: 22.05.2026
Скопје

Врз основа на член 50, член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РС Македонија" бр. 202/2024), а во врска со Програма за активностите на Општина Карпош, во областа на спортот за 2026 година, Глава II Проектни активности, точка 4. Доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2025, 10/26), а во врска со Одлуката за објавување на Оглас за Доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација бр. 11 - 4802/2 од 20.05.2026 година, Комисијата за Доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација објавува

## Јавен оглас
## за доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација

### I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортисти и рекреативци жители на Општина Карпош кои имаат 12 години (или што ќе полнат во годината кога е објавен јавниот оглас) до 18 години (односно да немаат 18 години во текот на годината кога е објавен јавниот оглас.

Спортистите и рекреативците се должни во барањето да ги наведат причините, намената за кои ги барат средствата со финансиска конструкција и спецификација.

### II. Потребни документи, критериуми и услови за учество

1. Спортистот да достави спортска легитимација
2. Потврда од националната спортска федерација дека спортистот најмалку три години е активен спортист, регистриран за клуб и континуирано учествувал во национален систем на натпревари.
3. Спортистот да има и да достави официјално рангирање во националното спортско првенство од последната натпреварувачката сезона.
4. Потврда од националната спортска федерација дека спортистот е репрезентативец со документ за настап на репрезентативен натпревар во последната година.

5. Спортските резултати на спортистот да бидат реализирани во натпреварување со најмалку пет клуба во националното првенство. Да се достави учество на клубовите и официјална табела од постигнатите резултати со време или бодови.
6. За спортисти од колективни спортови да достават доказ (копија од записник) дека во најмалку пет натпревари во натпреварувачката сезона го започнале натпреварот во почетната (стартната) постава во тимот за кој настапуваат.
7. Спортистот, постигнатите спортски резултати, да ги потврди со официјален документ издаден од страна на матичната национална спортска федерација
8. Спортистот да достави детална програма за натпреварувачка сезона 2026 со покана за турнири, со дати на одржување на спортските настани, финансиска конструкција и друго.
9. Спортистот, на кое му биле одобрени и исплатени финансиски средства од Општина Карпош во претходната година, задолжително со барањето треба да достави извештај за активностите и финансов извештај со фискални сметки или фактури.

## III. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, финансиската поддршка комисијата ќе ја доделува најмногу до 30.000,00 денари и ќе се одобрува еднаш годишно.

## IV. Начин на пријавување

Документите да се достават во Архивата на Општина Карпош.

## V. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 22.06.2026 година, но со услов одобрените средства да бидат реализирани најдоцна до 30.11.2026 година.

Условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиската поддршка ќе се уреди со претходно изготвен правилник за оваа намена.

**ОПШТИНА КАРПОШ**